Број на Службен весник: 11/2015
Датум на објавување: 26.1.15

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 56 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14 и 180/14), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО, ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација за остварување и користење на правото на социјална парична помош, („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/13 и 126/13), во член 2 став 2 по точката 11 се додава нова точка 12, која гласи:
„12.приход по основ на работно ангажирање за општинско корисна работа согласно програма од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување;".

Точките 12 и 13 стануваат точки 13 и 14.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:
„Приходот по основ на условен паричен надоместок од Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик, по престанок на вработувањето остварен во последните три месеци пред поднесување на барањето, не се смета за приход при поднесување на барање за остварување на правото на социјална парична помош."

**Член 2**

Во член 4 став 1 по точката 6 се додава нова точка 7, која гласи:
„7. примени парични средства преку брзиот трансфер на пари во износ над 50.000 денари;".

Точките 7 и 8 стануваат точки 8 и 9.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-9594/4-2014
2 јануари 2015 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Диме Спасов,** с.р.